РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3958/2
09.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 13-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 30.09.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески.

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Тони Ајтовски, управител на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани.

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски, објасни дека јавните седници согласно Законот се наменети за образложение на медиумите. Во таа насока најави дека на седницата е присутен Тони Ајтовски управител на ТВ Канал 8 од Кочани, кој ќе даде свое образложение во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.

Г-дин Ајтовски објасни дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставил Известување дека од 30.09.2024 година ќе престане со емитување на телевизиска програма. Наведе дека одлуката за да згасне медиумот не била лесна, но морале да се одлучат пред сѐ заради лошата економска состојба. Исто така како една од причините ја наведе и неможноста на исполнување на законските обврски предвидени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, во делот на кадровските услови односно вработување на одреден број на лица во телевизијата. Изрази надеж дека можеби во иднина економската состојба во државата ќе се подобри и ќе се отворат подобро можности за работа медиумите на локално и регионално ниво. На крајот се заблагодари за долгогодишната соработка што ја имала телевизијата со директорот на Агенцијата, членовите на Советот и стручната служба.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот**

**Селвер АЈДИНИ**